**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**
ул. Балзакова бр.32, Скопје
(02) 3246 822

Бр. **17-234/3**
Скопје, 19.02.2021 г.

Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на член 6, во врска со член 13 од Деловникот за работа на Комисијата за стручни стоматолошки прашања, арх.зн. 0201 од 07.11.2018 година, на својата седница одржана на ден **19.02.2021 г.,** едногласно ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за критериуми**
**при избор на спроведувачи на континуирано стручно усовршување**

Член 1

Избор на спроведувачите на континуирано стручно усовршување за периодот 2021-2025 година, ќе се врши со објава на јавен повик за избор на спроведувачи на континуирано стручно усовршување за периодот 2021-2025 година.

Јавниот повик ќе се објави по истекот на 8 дена од денот на објавата на оваа Одлука на веб страната на Комората.

**Член 2**

Барателите за избор на спроведувачите на континуирано стручно усовршување треба да ги исполнуваат критериумите од член 24 од Правилникот за облици на континуирано стручно усовршување, критериуми за распоредување на облиците, критериуми за избор на спроведувачи на облици на континуирано стручно усовршување и бодови за континуирано стручно усовршување за обновување на лиценца за работа за здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата.

Член 3

Дополнителен критериум – посебен услов кој треба да го исполнат барателите за донесување на решение за спроведувач на континуирано стручно усовршување е во последните 3 години континуирано да имаат организирано најмалку 3 стручни настани што не се пониско бодирани од стручен настан – симпозиум со домашно учество;

**Член 4**

Статутарно формирано стручно тело за континуирано спроведување на стручно усовршување, треба да е составено од 7 (седум) активни членови на Комората (согласно член 15, ст.1 од Статутот на Комората), кои не се пензионери, од кои минимум 5 членови се доктори на науки од областа. Секој од членовите на стручното тело може да биде член на стручно тело на максимум две друштва или здруженија.

**Член 5**

Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со оглед дека Комисијата има за цел и задача да го подигне нивото на стоматолошката здравствена заштита на граѓаните на Република Македонија, преку унапредување на стручноста на своето членство со континуирано стручно усовршување и континуиран професионален развој, Комисијата на својата седница одржана на ден 19.02.2021 година одлучи дека критеруимите за избор на спроведувачи на континуирано стручно усовршување треба да бидат подигнати на повисоко ниво и усогласени со стандарди кои треба да ги исполнуваат сите организатори на стручни собири кои носат бодови потребни за обновување на лиценца за работа.

Од овие причини се одлууучи како во диспозитивот.

**Претседател на Комисијата за стручни стоматолошки прашања на СКМ**

**проф. д-р Киро Папакоча**